Република Северна Македонија

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut

KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-218/3
Датум: 22-03-2024

Постапувајќи по претставката со бр. 08 – 791/1 од 08.11.2023 година, поднесена од и група засегнати лица, за заштита од дискриминација во областа на науката и работните односи, која произлегува од Законот за високото образование против надлежната институција - Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21, став 1, точка 14 и член 27, став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) на 22.03.2024 година, го донесе следното

# МИСЛЕЊЕ

**СЕ УТВРДУВА ИНДИРЕКТНА ДИСКРИМИНАЦИЈА** во областа на науката и работните односи, која произлегува од Законот за високото образование и резултира со неможност вработените во приватните здравствени установи кои се избрани во наставно-научно, наставностручно, наставно и соработничко звање да вршат високообразовна и научноистражувачка дејност во јавна високообразовна установа заради видот на заснованиот работен однос.

## Образложение

На 08.11.2023 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка со архивски број 08 – 791/1 од страна на и група засегнати лица, за заштита од дискриминација во областа на науката и работните односи, која произлегува од Законот за високото образование против надлежната институција – Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија.

Подносителот на претставката и групата на засегнати лица се специјалисти доктори по медицина, кои се вработени во приватната здравствена установа – . Истите имаат стекнато и наставно – научни титули. Во претставката се наведува дека поради поставеноста на Законот за високото образование, тие како доктори по медицина, кои се вработени во приватна здравствена установа се спречени да засноваат работен однос со високообразовна установа, односно да вршат високообразовна дејност. Во претставката се тврди дека членот 174 од Законот за високото образование (Сл. Весник на РМ бр. 82/2018 и измени од Сл. Весник на РСМ 154/2019; 178/2021; 58/2024) е дискриминирачки кон нив како група на доктори по медицина. Особено како спорна се наведува одредбата од член 174, став 3 од Законот за високото образование:

*„Лицата избрани во наставно-научно, наставностручно, наставно и соработничко звање кои се во работен однос на јавна високообразовна установа, вршат и здравствена дејност во јавна здравствена установа.“*

Во прилог на претставката доставен е список на засегнатите доктори по медицина, нивното работно место, одделот во кој се вработени и наставно - научната титула која ја имаат стекнато, и тоа:

- специјалист по гинекологија и акушерство со титула насловен доцент;
- , специјалист по педијатрија со титула насловен доцент;
- , специјалист по детска кардиохирургија со титула насловен доцент;
- специјалист по анестезиологија со интензивно лекување со титула насловен доцент;
- , специјалист по детска хирургија со титула насловен доцент;
- специјалист по неврохирургија со титула професор;
- , специјалист по дерматовенерологија со титула вонреден професор;
- , специјалист по онкологија со титула насловен доцент;
- , специјалист по кардиохирургија со титула насловен вонреден професор;
- , специјалист по патолошка анатомија со титула насловен вонреден професор;
- специјалист по патолошка анатомија со титула насловен вонреден професор;
- специјалист по патолошка анатомија со титула насловен вонреден професор;
- специјалист по гинекологија и акушерство со титула насловен вонреден професор;
- , специјалист по градна хирургија со титула насловен вонреден професор;
- , специјалист по инфектологија со титула насловен доцент;
- специјалист по урологија со титула насловен вонреден професор;
- специјалист по ортопедија со титула насловен вонреден професор и
- специјалист по педијатрија, хемато – онколог со титула насловен доцент.

На 09.11.2023 година, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, врз основа на член 24, став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација

достави Барање за произнесување по наводите од претставката до Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија.

На 07.02.2024 година во 8.45 ч., согласно надлежностите регулирани во член 30 став 2 од Закон за спречување и заштита од дискриминација, членот на КСЗД – вработена во стручната служба на Комисијата, одржаа средба со претставникот на групата подносители на претставката со бр. 08 – 791/1.

Претставниците од КСЗД го повикаа како претставник на групата подносители на претставката, со која се адресира индиректна дискриминација што засега поголема група на доктори, вработени во приватни здравствени установи.

На почетокот, претставниците од КСЗД на претставникот му ја појаснија целта на разговорот, постапката на донесување на одлуки во Комисијата, како и постапката за заштита од индиректна дискриминација.

Со конкретната претставка беше посочено дека одредбите од член 174 став 3 и став 4 од Законот за високото образование ги ставаат во понеповолна положба докторите кои се вработени во приватни здравствени установи, а кои истовремено имаат и наставно - научно звање. Претставникот на групата подносители беше повикан на разговор, со цел да ги образложи ефектите што ги предизвикува оваа одредба кон засегнатата група.

Тој појасни дека сите оние доктори кои во текот на кариерата се стекнале со било кој степен на наставно - научно звање, единствено поради тоа што во моментот се вработени во приватна здравствена установа, одредбата ги спречува да се занимаваат со наставно – научна дејност на високообразовна установа. Пред да се извршат измените и дополнувањата на Законот за високото образование со кои е внесена одредбата од член 174, став 3: *„Лицата избрани во наставно-научно, наставностручно, наставно и соработничко звање кои се во работен однос на јавна високообразовна установа, вршат и здравствена дејност во јавна здравствена установа.“*, овие лица имале можност да бидат вработени со поделен работен однос во јавна/приватна здравствена установа и во високообразовна установа. Со воведувањето на оваа одредба се исклучува можноста докторите кои се вработени во приватни здравствени установи воопшто да вршат наставно – научна дејност во високообразовна установа. Тоа ги засега и докторите кои пред воведување на оваа одредба се занимавале со наставно – научна дејност, како и оние кои по воведување на оваа одредба се стекнале со наставно – научно, наставно – стручно, наставно и соработничко звање, а веќе биле вработени во приватна здравствена установа. Претставникот истакна дека на тој начин на овие лица им е одземено еднаш стекнато право, без образложение. Она што како ефект произлегува од одредбата е тоа што докторите со стекната научна титула, формално сè уште ја имаат, но практично не можат да ја ефектуираат, односно да бидат вработени во високообразовна установа и да партиципираат во образовниот процес. Со тоа тој тврди дека им се одзема можноста на оние доктори кои ги

исполнуваат условите за вработување во високообразовна установа, истото да го направат, како и можноста да го пренесуваат своето знаење и искуство од областа на студентите по медицина. Претставникот, исто така, истакна дека во праксата се дозволува овие доктори да учествуваат во образовниот процес, но исклучиво како насловни професори, а не и како професори со редовно наставно – научно звање.

Од средбата со подносителот на претставката е изготвен Записник од одржана средба со бр. 08 – 218/1, кој е составен дел од предметот.

Од причина што до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација не пристигна поднесок за произнесување по претставката, Комисијата преку електронска кореспонденција се обрати до Министерството за образование и наука. Поднесокот за произнесување по претставката, електронски беше доставен на 12.02.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација.

Во поднесокот за произнесување се наведува дека во описот на претставката е наведено единствено дека членот 174, особено ставот 3 од Законот за високото образование се дискриминаторски. Во делот што се однесува на подносителите на претставката, односно на лицата кои имаат активна легитимација, со поднесокот се истакнува дека претставката е поднесена и за други наставно – научни работници кои го изгубиле истото право, без да се изврши прецизирање за кое право и каква повреда на правото е причина за поднесување на претставката. Со поднесокот за произнесување се оспорува и дискриминаторската основа од наводите за дискриминација.

Во продолжение на поднесокот се појаснува законското уредување во однос на остварувањето на правото од двоен работен однос:

*„Одредбите од членот 174 од Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82/18 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 178/21) се однесуваат на засновање на работен однос.*

*Спомментата одредба од став 3 на истиот член се однесува на двоен работен однос за лица избрани во наставно – научно, наставно – стручно, наставно и соработничко звање. Имено, овие лица кои се во работен однос на јавна високообразовна установа, вршат и здравствена дејност во јавна здравствена установа и обратно, согласно став 4 од истиот член, лицата кои се во работен однос во јавна здравствена установа, а се избрани во наставно – научно, научно и наставно звање односно во соработничко звање на јавна високообразовна установа, вршат и високообразовна дејност на јавна високообразовна установа.*

*Одредбите од став 5 од истиот член предвидуваат дека овие лица високообразовната, научноистражувачката и здравствената дејност ја вршат како неделива функционална целина, со поделба на работното време во двете установи.*

*Во одредбите од став 6 на истиот член е утврден начинот на кој се регулира ваквиот двоен работен однос, односно условите и начинот на кои овие лица вршат здравствена,*

*односно високообразовна и научноистражувачка дејност. Во таа насока Законот предвидел дека се склучува спогодба меѓу јавната високообразовна и јавната здравствена установа, за начинот и условите на кои овие лица ќе ја изведуваат здравствената, односно високообразовната и научноистражувачката дејност.*

*Согласно одредбите од членот 88 од Законот за здравствената заштита (Службен весник на РМ бр. 43/12; 20/19 и Службен весник на РСМ бр. 101/19; 236/23) кој се однесува на функционалната целина на здравствената, образовната и научноистражувачката дејност е уредено дека на Универзитетската клиника, универзитетскиот институт, односно универзитетскиот клинички центар и клиничката болница, образовната и научноистражувачката дејност ја вршат на начин кој се обезбедува функционална целина на здравствената, образовната и научноистражувачката дејност и согласно со потребите на медицинскиот, односно стоматолошкиот факултет за спроведување на студиските програми. Меѓусебните односи во вршење на наведените дејности, како и условите и начинот според кои овие лица вршат здравствена, односно високообразовна и научноистражувачка дејност, универитетската клиника, универзитетскиот клинички центар, клиничката болница и медицинскиот, односно стоматолошкиот факултет ги уредуваат со спогодба. Во вршењето на здравствената, образовната и научноистражувачката дејност како функционална целина во универзитетската клиника, универзитетскиот институт, универзитетскиот клинички центар и клиничката болница, лицата избрани во наставно – научни и соработнички звања во високообразовната установа вршат високообразовна дејност, согласно наведената спогодба.*

*Оттука, согласно член 49 став 1 и став 4 од Законот за работните односи (Службен весник на РМ бр. 62/05; 120/18 и Службен весник на РСМ бр. 110/19; 111/23) работникот може да склучи договор за вработување со неполно работно време со повеќе работодавачи и така да го постигне полното работно време определено со закон. Обврските на работодавачот и работникот се составен дел на договорот за вработување на неполно работно време.*

*Додека согласно член 121 од Законот, работникот, кој работи полно работно време, може по исклучок да склучи договор за вработување со неполно работно време со друг работодавач, меѓутоа најмногу за десет часа неделно, со претходна согласност на работодавачите, каде што е вработен со полно работно време. Обврзен составен дел на договорот за вработување е договор за начинот на остварувањето на правата и обврските на работникот кај работодавачот, каде што е вработен со полно работно време. На работникот, кој склучува договор за вработување, престанува да му важи договорот за вработување во согласност со овој закон, по изминувањето на договореното време, или ако е повлечена согласноста на работодавачот, каде што работникот е во работен однос со полно работно време.“*

Врз основа на наведеното, во поднесокот за произнесување се укажува на одредбите од Законот за работните односи, согласно кои е предвидена можноста за склучување на договор за вработување со неполно работно време со повеќе работодавачи, односно

двоен работен однос. На овој начин се предвидува законска можност за работникот да склучи два договори за вработување (двоен работен однос), од кои еден со полно работно време кај еден работодавач, а друг со неполно работно време кај друг работодавач. Поради таквата уреденост истакнуваат дека одредбите од Законот за високото образование и Законот за здравствената заштита, во однос на остварување на правата од двоен работен однос се усогласени со општиот пропис кој ги уредува правата од работни односи – Законот за работните односи. Оттука тврдат дека како материјални закони, обигаторно и доследно ја регулираат предметната материја согласно носечкиот закон од трудовата област.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација од утврдената фактичка состојба утврди дека подносителот на претставката создал презумпција за дискриминација. Претпоставката за дискриминација ја направил со укажувањето на одредбите од членот 174 од Законот за високото образование, конкретно ставот 3 и 4 од наведениот член и појаснувањето на ефектот што го создаваат овие одредби за групата на подносители. Имено, од претставката и записникот од одржаната средба со подносителот произлегува дека овие законски одредби ги спречуваат групата подносители да вршат високообразовна и научноистражувачка дејност во јавна високообразовна установа. Групата на подносители се специјалисти доктори по медицина од различни области и истовремено имаат стекнато различен степен, односно наставно – научно, наставно – стручно, наставно или соработничко звање. Тие се вработени во приватна здравствена установа и поради тоа не можат да засноваат двоен работен однос, од една страна со здравствена установа и, од друга страна со високообразовна установа. **Начинот на засновање на работен однос за докторите по медицина е стипулиран во следните одредби на членот 174 од Законот за високото образование:**

*(1) Постапката за избор во наставно-научно, наставно-стручно, наставно и соработничко звање завршува со засновање на работен однос со полно работно време меѓу избраното лице и високообразовната установа. Работниот однос се заснова за времето на кое е избрано лицето.*

*(2) Лицата избрани во наставно-научно, наставностручно, наставно и соработничко звање со заснованиот работен однос остваруваат права и обврски од работен однос во согласност со овој и друг закон и колективен договор.*

***(3) Лицата избрани во наставно-научно, наставностручно, наставно и соработничко звање кои се во работен однос на јавна високообразовна установа, вршат и здравствена дејност во јавна здравствена установа.***

***(4) Лицата кои се во работен однос во јавна здравствена установа, а се избрани во наставно-научно, научно и наставно звање односно во соработничко звање на јавна високообразовна установа, вршат и високообразовна дејност на јавна високообразовна установа.***

*(5) По исклучок од ставот (1) на овој член, лицата од ставовите (3) и (4) на овој член високо-образовната, научноистражувачката и здравствената дејност ја вршат како неделива функционална целина со поделба на работното време во двете установи.*

***(6) Условите и начинот според кои лицата од ставовите (3), (4) и (5) на овој член вршат здравствена, односно високообразовна и научноистражувачка дејност, се уредуваат со спогодба меѓу јавната високообразовна и јавната здравствена установа, во согласност со закон.***

*(7) Едно лице не може да биде избрано истовремено во наставно-научно, наставно-стручно, наставно и соработничко звање на повеќе од една високообразовна установа.*

*(8) При мирување на работниот однос, лицето избрано во наставно-научно, наставно-стручно, наставно или соработничко звање, има право да врши високообразовна дејност на прв циклус на студии без финансиски надомест.*

*(9) Лицето избрано во наставно-научно, наставностручно или наставно звање, на кое му мирува работниот однос, има право да држи предавања и да биде ментор на втор и трет циклус на студии, како и да врши други активности од високообразовната дејност.*

**Од моменталната поставеност на Законот за високото образование, во однос на засновање на работен однос за докторите по медицина произлегува дека одредбите од ставот 3, 4 и 6 на наведениот член, создаваат навидум неутрален критериум за вршење на високообразовната дејност на здравствените работници, а тоа е вработување во јавна здравствена установа.** Поради овој навидум неутрален критериум, **докторите по медицина кои се вработени во приватни здравствени установи се спречени да засноваат двоен работен однос, за разлика од докторите по медицина кои се вработени во јавни здравствени установи.** Од причина што се работи за законски предвиден критериум, како заклучок произлегува дека со проблемот е **опфатена поголема група на лица, што упатува на системска димензија на нееднаквоста.** Тоа значи дека освен групата на подносители на претставката, потенцијално засегнати се доктори по медицина кои се вработени и во други приватни здравствени установи во државата, а кои поради видот на заснованиот работен однос се спречени да вршат високообразовна дејност.

**Без разлика што овие лица се стекнале со научна титула, односно со наставно – научно, наставно – стручно, наставно или соработничко звање, единствено поради тоа што имаат засновано работен однос во приватна здравствена установа, спречени се да ја ефектуираат таа титула, односно да вршат високообразовна и наставноистражувачка дејност во јавна високообразовна установа.**

Со образложената презумпција за индиректна дискриминација се префрли товарот на докажување врз надлежниот орган – Министерството за образование и наука. Како орган против кој беше поднесена претставката имаше обврска да докаже дека наведените одредби од Законот за високото образование не се дискриминациски врз

групата на лица кои се подносители на претставката. Во даденото произнесување по претставката, надлежниот орган не докажа дека групата подносители не се наоѓаат во споредлива ситуација со компараторот (доктори по медицина кои се вработени во јавниот сектор), ниту дека различниот третман кој произлегува од Законот за високото образование е заснован на објективни причини, а не исклучиво на тоа дали докторите по медицина се вработени во јавниот или приватниот сектор. Од наведените тврдења на надлежниот орган не произлезе ниту дека различниот третман од законот има објективна и оправдана цел, а разликувањето е соодветно и неопходно за постигнување на таквата цел. Дотолку повеќе, што од цитираната регулатива во поднесокот за произнесување по претставката произлезе дека Законот за високото образование е усогласен со Законот за работните односи, во поглед на можностите за засновање на двоен работен однос. Тоа упатува на заклучок дека единствен дискриминаторски критериум е наведениот од Законот за високото образование, односно член 174 став 3, 4 и 6.

Во прилог на наведеното е и фактот што во важечката регулатива на Република Северна Македонија не постојат одредби кои го оправдуваат различниот третман на докторите по медицина кои се вработени во приватниот сектор. Во таа смисла ниту Уставот на Северна Македонија, ниту законските и подзаконските акти не воспоставуваат основи за поповолен третман кон вработените доктори по медицина во јавниот здравствен систем. Поради наведените причини Комисијата за спречување и заштита од дискриминација констатира дека одредбите од член 174, став 3, 4 и 6 од Законот за високото образование содржат критериум кој продуцира дискриминација кон докторите по медицина кои се вработени во приватни здравствени установи и истите ги спречува да засноваат двоен работен однос, односно да засноваат работен однос со јавна високообразовна установа и со тоа да вршат високообразовна и научноистражувачка дејност. На тој начин овие доктори се ставени во нееднаква положба наспроти докторите по медицина кои се вработени во јавни здравствени установи, единствено поради тоа што се вработени во приватни здравствени установи. Во недостиг на легитимна и објективно оправдана основа за различниот третман, произлегува дека ставовите 3, 4 и 6 од членот 174 во Законот за високото образование продуцираат дискриминација кон докторите по медицина кои се вработени во приватни здравствени установи, со што е исполнета **законската дефиниција за индиректна дискриминација од член 8, став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација:**

*„Индиректна дискриминација постои кога преку навидум неутрални прописи, одредби, критериуми, програми или практики, се става некое лице или група во понеповолна положба врз дискриминаторска основа во споредба со други лица или група лица, освен кога произлегува од легитимна цел, а средствата за постигнување на таа цел се пропорционални, односно се соодветни и неопходни."*

Дополнително, спорните одредби се и **во спротивност со воспоставените начела на високото образование од член 3 во Законот за високото образование и тоа**:

*„ (1) Дејноста на високото образовани е од јавен интерес и има посебно значење за Република Македонија како дел од меѓународниот и од единствениот европски образовен, научен и уметнички простор.*

*(2) Дејноста на високото образование се заснова на следниве начела:*

***1. Автономија и академска слобода;***

*2. Единство на наставата и на научно-истражувачката односно уметничката работа;*

*3. Отвореност кон јавноста и граѓаните;*

*4. Уважување на хуманистичките и демократските вредности на националната и европската традиција и вредностите на културното наследство;*

***5. Почитување на човековите права и слободи и гарантирање на принципот на еднаквост и заштита од дискриминација;***

*6. Унапредување на академската мобилност на наставниот кадар и студентите;*

*7. Учество на студентите во управувањето и одлучувањето, посебно во врска со прашањата што се од значење за квалитетот на наставата и студентскиот стандард;*

*8. Стремеж кон универзално знаење чиј императив се науката, слободата и вистината;*

*9. Обезбедување на систем за доживотно учење и*

*10. Обезбедување на квалитет и ефикасност на студирањето.“*

**Како и во спротивност со воспоставените цели на високото образование од член 4 во Законот за високото образование:**

*„(1) Цели на високото образование се:*

*1. **подигнување на општото образовно и научно-истражувачко ниво**, како и нивото на уметничко творештво во Република Македонија;*

***2. создавање, заштита и пренесување на научни, стручни и уметнички знаења и вештини;***

*3. **развој на науката**, поттикнување на технолошкиот развој и унапредување на уметничкото творештво и **примена на научните сознанија во развојот на општеството**;*

*4. обезбедување научен, стручен и уметнички подмладок;*

*5. овозможување секој поединец под еднакви услови да се здобие со високо образование и да се образува во текот на целиот живот;*

*6. развивање на слободни, критички и креативни личности;*

***7. зајакнување на вработливоста, компетитивноста и конкурентноста на младите и возрасните;***

*8. развивање граѓанска одговорност кај академската заедница.*

*(2) Целите на високото образование се остваруваат преку:*

*1. организирање студии според акредитирани студиски програми;*

*2. изведување фундаментални, развојни и применети истражувања и вршење применувачка дејност и уметничко творештво;*

***3. заштита на автономијата на универзитетот и академската слобода;***

*4. континуирано подобрување на квалитетот и релевантноста на наставата и учењето;*

*5. обезбедување доволна и одржлива финансиска поддршка за сигурно и* ***непречено одвивање на образовниот, научно-истражувачкиот и уметничкиот процес;***

***6. демократски, инклузивен процес на одлучување кој оневозможува концентрација на моќ;***

***7. почитување на човековите права и слободи и гарантирање на принципот на еднаквост и недискриминација;***

*8. обезбедување учество на студентите во управувањето и одлучувањето;*

*9. овозможување и промовирање на мобилност на членовите на академската заедница на странски високообразовни установи и развивање меѓународна соработка со странски високообразовни институции;*

*10. развивање меѓународна научна соработка;*

***11. афирмација на конкуренцијата во образованието и научните истражувања;***

*12. учество во планирањето, утврдувањето и развојот на вкупниот образовен систем;*

***13. зголемување на интелектуалниот капитал во Република Македонија;***

*14. промоција на национална и глобална одговорност; и*

*15. остварување на концептот на доживотно учење.“*

**Со член 7, став 4 од Законот за високото образование се уредува содржината на академската автономија:**

*„Со академската автономија се гарантира интелектуалната слобода на членовите на академската заедница и творечката природа на истражувачкиот и образовниот процес, како врвни вредности и способности.“*

**Академската слобода е предвидена со член 8 од Законот за високото образование:**

*„(1) Академската слобода им припаѓа на сите членови на академската заедница и опфаќа:*

*1. слобода на изразување, негување и поттикнување на критичка мисла и свест кај членовите на академската заедница;*

*2. слобода во научноистражувачката работа, во уметничкото создавање, во примената и посредување на знаењето; ...*

*4. слобода на изведување на наставата, спроведувањето на научните истражувања, уметничката дејност, односно творештво и применувачка дејност, вклучувајќи ја слободата на објавување и јавно претставување на научните резултати и уметничките достигања;..“*

Врз основа на изнесеното Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на ова Мислење дека Законот за високото образование произведува индиректна дискриминација врз основа на видот на заснованиот работен однос, во областа на науката и работните односи кон докторите по медицина кои се вработени во приватни здравствени установи, а се избрани во наставно – научно, научно и наставно звање, односно во соработничко звање, со оневозможување за засновање на двоен работен однос и со тоа ускратување на можноста да вршат високообразовна и научноистражувачка дејност во јавна високообразовна установа. Имајќи предвид дека Министерството за образование и наука е надлежно регулаторно тело во однос на Законот за високото образование и предлагач на потенцијални измени и дополнувања на Законот, Комисијата, согласно член 27, став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, ја донесе следната:

## ПРЕПОРАКА

**СЕ ПРЕПОРАЧУВА** Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија да иницира измени и дополнувања на членот 174 од Законот за високото образование, со цел отстранување на нееднаквиот третман кон докторите по медицина кои се вработени во приватни здравствени установи, а се избрани во наставно-научно, наставностручно, наставно и соработничко звање, со што ќе им се овозожи да засноваат двоен работен однос со приватна здравствена установа и јавна високообразовна установа. На овој начин ќе им се овозможи на еднаква основа да вршат високообразовна и научноистражувачка дејност како и докторите по медицина кои се вработени во јавните здравствени установи.

**Министерството за образование и наука треба да го исполни препорачаното и за истото писмено да ја извести Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, најдоцна во рок од 120 дена од денот на приемот на ова Мислење.**

Доколку Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија не постапи согласно оваа препорака, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на надлежностите од член 27, став 4 од Законот за

спречување и заштита од дискриминација ќе поднесе барање за покренување на прекршочна постапка пред надлежен суд за прекршоци.

НАПОМЕНА: Комисијата за спречување и заштита од дискриминација заради сеопфатноста на постапката и преземените дејствија во текот на постапката го пречекори законски утврдениот рок од 60 дена за постапување по претставки.

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател
Игор Јадровски

Доставено до:

- Министерство за образование и наука на Република Северна Македонија со седиште на ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр. 54, 1000 Скопје